# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр.2/2018
## 27.02.2018 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за одобрување за поставување на урбана опрема во населените места во општина Неготино**

Се објавува Одлуката за одобрување за поставување на урбана опрема во населените места во општина Неготино, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 26.02.2018 година.

Бр.09-119/1
27.02.2018 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков**

Врз основа на член 80 од Законот за градење („Сл.весник на РМ„ бр.130/09...132/16) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 6/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 26.02.2018 година ја донесе следната

# О Д Л У К А
## За одобрување на поставување на урбана опрема во населените места во општина Неготино

Член 1

Со оваа одлука се одобрува поставување на урбана опрема - клупи, корпи и детски реквизити во селата Долни Дисан, Криволак, Војшанци и Дуброво во следните населени места во општина Неготино

- Војшанци на кп.бр.628, кп.бр.622, кп.бр.538, кп.бр.1056 и кп.бр.750/1.
- Криволак на кп.бр.2376/1 и 2282.
- Долни Дисан на кп.бр.4216 и
- Дуброво на кп.бр.1003.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.08-103/13
26.02.2018 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за одобрување на проект како дел од Проектот: “Водоснабдување и одведување на отпадни води“ во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ број 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по овој проект), меѓу Општина Неготино и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија**

Се објавува Одлуката за одобрување на проект како дел од Проектот: “Водоснабдување и одведување на отпадни води“ во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ број 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по овој проект), меѓу Општина Неготино и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 26.02.2018 година.

Бр.09-119/2
27.02.2018 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (" Службен весник на РМ. "бр.5/02) и член член 79 став 1 точка 50 од Статутот на опптина Неготино („Сл.Гласник на општина Неготино" бр.3/06, бр.2/11, бр.9/11, бр.16/12 и бр.16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 26.02.2018 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**За одобрување на проект како дел од Проектот: "Водоснабдување и одведување на отпадни води" во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" број 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по овој проект), меѓу Општина Неготино и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на општина Неготино ГО ОДОБРУВА како приоритетен за реализација следниот проект:

**,,Линиска инфраструктура за изградба на комунална инфраструктура ( АБ канал, водовод, атмосферска и фекална канализација (за улиците 3 и 4) за УЗ8 блок 1, општина Неготино.**

Овој проект е составен дел на Програмата за локален економски развој на општина Неготино за 2018 година.

**Член 2**

Одобрениот проект од член 1 на оваа одлука за финансирање на водоснабдителни системи и системи за одведување на отпадни води , се утврдува како исклучителна потреба за општина Неготино чија реализација би овозможила подобрување на постоечката комунална инфраструктура.

**Член 3**

Финансирањето на проектот ќе биде обезбедено од Владата на Република Македонија со донација чија висина е утврдена со Одлука за распределба на средства согласно заем Договорот за заем кај Европската Инвестициона Банка по

договорот за заем по Проектот ,, Водоснабдување и одведување на отпадни води“ ( „Службен весник на РМ. “ Бр.83/2010).

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Неготино“.

Бр.08-103/15
26.02.2018 година

Совет на општина Неготино
Претседател
Диме Витанов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за давање согласност и овластување за потпишување на Договор/и за грант, согласно Договор за финансирање СЕПАРИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: “Водоснабдување и одведување на отпадни води“ во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ број 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ број 154/2010), меѓу Општина Неготино и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија.**

Се објавува Одлуката за давање согласност и овластување за потпишување на Договор/и за грант, согласно Договор за финансирање СЕПАРИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска

инвестициона банка за Проект: "Водоснабдување и одведување на отпадни води" во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" број 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" број 154/2010), меѓу Општина Неготино и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 26.02.2018 година.

Бр.09-119/3
27.02.2018 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (" Службен весник на РМ. "бр.5/02) и член член 79 став 1 точка 50 од Статутот на опптина Неготино („Сл.Гласник на опѓтина Неготино" бр.3/06, бр.2/11, бр.9/11, бр.16/12 и бр.16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 26.02.2018 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за давање согласност и овластување за потпишување на Договор/и за грант, согласно Договор за финансирање СЕПАРИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: "Водоснабдување и одведување на отпадни води" во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" број 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" број 154/2010), меѓу Општина Неготино и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија**

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност и овластување на Грдоначалникот на општина Неготино да го потпишување на Договор/и за грант, кој ќе се склучи согласно Договорот за финансирање СЕПАРИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: “Водоснабдување и одведување на отпадни води“ во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ број 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ број 154/2010), меѓу Општина Неготино и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија.

Член 2

Се задолжува и овластува Градоначалникот на општина Неготино, да го потпише Договорот/ите за грант, кој ќе се склучи согласно Договор за финансирање СЕПАРИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: “Водоснабдување и одведување на отпадни води“ во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ број 83/10) меѓу Општина Неготино и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Неготино“.

Бр.08-103/16
26.02.2018 година

Совет на општина Неготино
Претседател
Диме Витанов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

## За објавување на Одлуката за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Неготино

Се објавува Одлуката за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Неготино, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 26.02.2018 година.

Бр.09-119/4
27.02.2018 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (" Службен весник на РМ. "бр.5/02) и член член 79 став 1 точка 50 од Статутот на опптина Неготино („Сл.Гласник на општина Неготино" бр.3/06, бр.2/11, бр.9/11, бр.16/12 и бр.16/14), а во врска со одредбите од член 4 став 6 и 7 од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ" бр.62/05, 88/08 и 35/11), Советот на Општина Неготино на својата седма седница одржана на ден 26.02.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
### за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Неготино

Член 1

Во случај на непочитување на договорените услуги, со оваа одлука се дава согласност и овластување на Градоначалникот на општина Неготино за измирување на средства од буџетската сметка на Општина Неготино, во износ на искористените средства од Договорот/ите за грант, кои ќе се склучат согласно Договор за финансирање СЕПАРИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: "Водоснабдување и одведување на отпадни води" во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по

Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ број 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ број 154/2010), помеѓу Општина Неготино и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија.

Член 2

Се овластува Градоначалникот на Општина Неготино да изврши измирување на средствата од буџетската сметка на општината, во износ на искористените средства од Договорот/ите за грант односно наплатата на средства да ја извршува Министерство за финансии на Република Македонија, со насочување на средства од буџетската сметка на општината-крајниот корисник и/или со задршка на дел од дотациите кои треба да се распределат на Општина Неготино до износот потребен за наплата на побарувањето, согласно одредбите од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ“ бр.62/05, 88/08 и 35/11).

Член 3

Оваа одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Неготино”.

Бр.08-103/17
26.02.2018 година

Совет на општина Неготино
Претседател
Диме Витанов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

## З А К Л У Ч О К

## За објавување на Одлуката за сопствено учество на општина Неготино во Проектот за развој на селата преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2018 година

Се објавува Одлуката за сопствено учество на општина Неготино во Проектот за развој на селата преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2018 година, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 26.02.2018 година.

Бр.09-119/5
27.02.2018 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл. Весник на РМ” бр.5/02) и член 79, став 1, точка 50 од Статутот на општина Неготино (“Сл. Гласник на Општина Неготино” бр. 3/06,2/11,9/11 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 26.02.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за сопствено учество на општина Неготино во Проект за развој на селата преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2018 година**

**Член 1**

Советот на општина Неготино дава согласност за аплицирање со Проект за развој на селата преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2018 година и за сопствено учество во истата врз основа на Јавен повик бр 03-53/1 од 05.02.2018 година објавен преку Бирото за регионален развој на Република Македонија

**Член 2**

Советот на општина Неготино се согласува дека општина Неготино има обезбедено 50% од потребните средства за ко-финансирање на проектот во висина од 324.500,00 денари кои ќе бидат искористени за реализирање на проектот,,*Набавка и поставување на реквизити за детски игралишта и нова урбана опрема, набавка на материјали и поправка на постоечки детски реквизити и урбана опрема, набавка и обновување на подлога за поставување на детски реквизити во селата Дуброво, Војшанци, Криволак и Долни Дисан“.*

**Член 3**

Средствата се обезбедени во Буџетот на општина Неготино за 2018 година, Програма за Комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2018 година,Под- Програма ЈО –Одржување на урбана опрема и Програмата за локален економски развој за 2018,Под-програма Г10- Друго ко-финансирање на тековни апликации во 2018.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Неготино“.

Бр.08-103/19
26.02.2018 година

**СОВЕТ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Диме Витанов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

## З А К Л У Ч О К
## За објавување на Одлуката за утврдување на измена и дополна на ДУП за една парцела ГП 1.13 (КП бр.9583/2 и КП бр.9584/2) УЗ 3 блок 1 КО Неготино-општина Неготино

Се објавува Одлуката за утврдување на измена и дополна на ДУП за една парцела ГП 1.13 (КП бр.9583/2 и КП бр.9584/2) УЗ 3 блок 1 КО Неготино-општина Неготино, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 26.02.2018 година.

Бр.09-119/6
27.02.2018 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков**

Врз основа на член 39 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ( ,,Сл.весник на РМ,, бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), Советот на општина Неготино на седницата одржана на 26.02.2018 година донесе

# О Д Л У К А

## за утврдување на измена и дополна на ДУП за една парцела ГП 1.13 ( КП бр.9583/2 и КП бр. 9584/2) УЗ 3 блок 1 КО Неготино - Општина Неготино

Член 1

Се донесува одлука за утврдување на измена и дополна на ДУП за една парцела ГП 1.13 ( КП бр.9583/2 и КП бр. 9584/2) УЗ 3 блок 1 КО Неготино - Општина Неготино со плански период од 2016-2021 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог на измена и дополна на ДУП за една парцела ГП 1.13 ( КП бр.9583/2 и КП бр. 9584/2) УЗ 3 блок 1 КО Неготино - Општина Неготино, со технички број 3264 од декеври 2017 година, изработен од „ Дизајн Центар Инженеринг “ ДООЕЛ – Кавадарци.

Член 3

Ова одлука стапува во сила со денот на усвојувањето, а ќе бисе објавувена во ,,Службен гласник на општина Неготино“.

Бр.08-103/12
26.02.2018 година

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

## З А К Л У Ч О К
## За објавување на Одлуката за утврдување на условите за добивање на лиценца за отстранување на оштетените возила и возила во дефект од општинските и локалните патишта за територија на општина Неготино

Се објавува Одлуката за утврдување на условите за добивање на лиценца за отстранување на оштетените возила и возила во дефект од општинските и локалните патишта за територија на општина Неготино, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 26.02.2018 година.

Бр.09-119/7
27.02.2018 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино „Сл. Гласник на општина Неготино“ бр.3/06, бр.2/11, бр.9/11 бр.16/12 и бр.16/14), а во врска со член 64-а, 64-б и 64-в од Законот за јавните патишта („Сл.весник на РМ“ бр.84/08, бр.52/09, бр.114/09, бр.124/10, бр.23/11, бр.53/11, бр,44/12, бр.168/12, бр.163/13, бр.187/13, бр.39/14, бр.42/14, бр.166/14, бр.44/15, бр.116/15, бр.150/15, бр.31/16, бр.71/16 и бр.163/16), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 26.02.2018 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

**За утврдување на условите за добивање на лиценца за отстранување на оштетените возила и возила во дефект од општинските и локалните патишта за територија на општина Неготино**

**Член 1**

Лиценцата за отстранување на оштетените возила и возила во дефект од општиските и локалните патишта во општина Неготино ја издава градоначалникот на општината на барање на превозниците.

**Член 2**

Лиценцата од член 1 се издава на домашно физичко или правно лице, ако ги исполнува следниве услови:

1) да е впишан во Централниот регистар на Република Македонија и да има регистрирано приоритетна дејност/главна приходна шифра 52.21 - услужни дејности поврзани со копнениот сообраќај;

2) да е сопственик на едно или повеќе регистрирани возила за отстранување на оштетени возила и возила во дефект или да има договор за лизинг, што ги исполнуваат посебните техничко-експлоатациони услови пропишани за возила за вршење на дејност отстранување на оштетени возила и возила во дефект;

3) да има вработено во редовен работен однос возачи во зависност од бројот на моторните возила, минимум еден возач по возило што ги исполнуваат условите пропишани со прописите за безбедност на сообраќајот на патиштата и

4) возачите да поседуваат уверение за положен курс за давање на итна медицинска помош.

**Член 3**

За извршената услуга правните или физичките лица кои поседуваат лиценца за отстранување на оштетените возила и возила во дефет од општинските и локалните патишта надоместокот ќе го наплаќаат од корисниците на услугата по ценовник утврден од правното лице кое поседува лиценца со претходно дадена согласнот од Советот на општина Неготино.

**Член 4**

Правно или физичко лице кои ги исполнува условите од членот 2 од овој правилник поднесува барање за добивање на лиценцата а кон барањето треба да ги достави и следните документи:

1.Извод од тековна состојба на правното лице од единствениот трговски регистар од Централен регистар на Република Македонија во оригинал (Не постар од шест месеци) со соодветна приоритета дејност.

2. Доказ за сопственост на едно или повеќе регистрирани возила за отстранување на оштетени возила и возила во дефект:
- Фотокопија заверена на нотар од сообраќајни дозволи на возилата регистрирани на име на подносителот на барањето или
- Договор за лизинг (оригинал или копија заверена на нотар).

3.Доказ дека има вработено во редовен работен однос, минимум еден возач по возило со:
-список на вработени по обврзник ПИОМ во оригинал (не постар од 60 дена) или
- преглед на пријави/одјави во задолжителното социјално осигурување за деловен субјект издаден од Агенцијата за вработување на Република Македонија во оригинал (не постар од 60 дена).

4. Важечко уверение за положен курс за давање на итна медицинска помш за секој возач.

5.Доказ за уплатена административна такса во висина од 250,00 денари.

**Член 5**

Барањето за издавање на лиценцата за отстранување на оштетените возила и возила во дефект од општинските и локалните патишта ќе биде одбиено доколку барателот на лиценцата не ја достави комплетната документација.

**Член 6**

Лиценцата за отстранување на оштетените возила и возила во дефект од општинските и локалните патишта се издава на неопределено време.

**Член 7**

Издадените лиценци се евидентираат во регистарот за издадени лиценци.

**Член 8**

Органот надлежен за издавање на лиценцата на превозникот со решение ќе му ја одземе лиценцата ако утврди дека:

- превозникот повеќе не ги исполнува условите за добивање на лиценцата;
- врши превоз спротивно на издадената лиценца;
- превозникот престане со вршење на дејнста во патниот сообраќај.

Против решението донесено од градоначалникот на општината може да се изјави жалба во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на решението до министерот за транспорт и врски.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Неготино".

Бр.08-103/20
26.02.2018 година

**Совет на општина Неготино**
**П р е т с е д а т е л**
**Диме Витанов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино" бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

## За објавување на Одлуката за утврдување на надоместок на трошоци за избори на организаторите на изборната кампања за членови на Советот на Општина Неготино и за Градоначалник на Општина Неготино на локалните избори одржани во 2017 година

Се објавува Одлуката за утврдување на надоместок на трошоци за избори на организаторите на изборната кампања за членови на Советот на Општина Неготино и за Градоначалник на Општина Неготино на локалните избори одржани во 2017 година, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 26.02.2018 година.

Бр.09-119/8
27.02.2018 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков**

Врз основа на член 86 од Изборниот законик („Сл.Весник на РМ“ бр.40/06...67/17) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на оптина Неготино („Сл.Гласник на општина Неготино“ бр.3/06, бр.2/11, бр.9/11, бр.16/12 и бр.16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 26.02.2018 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**за утврдување на надоместок на трошоци за избори на организаторите на изборната кампања за членови на Советот на Општина Неготино и за Градоначалник на Општина Неготино на локалните избори одржани во 2017 година**

Член 1

Со оваа одлука се утврдува надоместокот на трошоци за избори на организаторите на изборната кампања за членови на Советот на Општина Неготино и за Градоначалник на Општина Неготино на локалните избори одржани во 2017 година

Член 2

На организаторите на изборната кампања за членови на Советот на Општина Неготино и за Градоначалник на Општина Неготино на локалните

избори одржани во 2017 година, им се утврдува следниот износ на надоместок:

Социјалдемократски сојуз на Македонија 192.060,00 денари

ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство 163.755,00 денари

Група избирачи – САШО НИКОЛОВ 7.065,00 денари.

В к у п н о: 362.880,00 ден

Член 3

Средствата во износ од 192.060,00 денари за освоени гласови кандидати за совет и градоначалник на Социјалдемократски сојуз на Македонија да се префрлат на жиро-сметка на организаторот.

Средствата во износ од 163.755,00 денари за листа на кандидати за совет и градоначалник на ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство, да се префрлат на на жиро-сметка на организаторот.

Средствата во износ од 7.065,00 денари за листа на кандидати за совет на Група избирачи – САШО НИКОЛОВ, да се префрлат на на жиро-сметка на организаторот.

Член 4

Надоместокот утврден во член 2 од оваа одлука ќе биде исплатен од Буџетот на Општина Неготино за 2018 година

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Неготино”.

Бр.08-103/22
26.02.2018 година

Совет на општина Неготино
Претседател
Диме Витанов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

## З А К Л У Ч О К

## За објавување на Одлуката за започнување на постапка за давање на услуги на паркирање во Општина Неготино

Се објавува Одлуката за започнување на постапка за давање на услуги на паркирање во Општина Неготино, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 26.02.2018 година.

Бр.09-119/9
27.02.2018 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 26.02.2018 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

## За започнување на постапка за давање на услуги на паркирање во Општина Неготино

**Член 1**

Заради решавање на сообраќајните проблеми поврзани со зголемениот сообраќаен метеж во градот и проблемот со паркирањето во Општина Неготино, се утврдува потреба од започнување на постапка за изработка на Физибилити студија за економска оправданост и начинот на кој да биде реализиран проектот, односно дали да се пристапи кон Доделување на Договор за воспоставување на јавно-приватно партнерство за давање на услуги на паркирање во Општина Неготино или да се пристапи кон основање на Јавно претпријатие за изградба, одржување и користење на јавни паркинг простори или да се прошири дејноста на Јавното претрпијатие КОМУНАЛЕЦ Неготино.

Зонското паркирање е вообичаен јавен сервис и неопходен сегмент во урбаниот квалитет на живеењето.

**Член 2**

Согласно Законот за концесии и јавно-приватно партнерство (Сл.весник на РМ 6/12, 33/15, 104/15, 215/15) постои потреба да се изработи Физибилити студија за оправданост на доделување на концесија на добра од општ интерес или договор за воспоставување на јавно-приватно партнерство. Целта на оваа студија е да се утврди дали Општина Неготино ќе има повеќе придобивки доколку сама го реализира проектот или доколку Општината влезе во Јавно-приватно партнерство (ЈПП) и го отстапи правото на управување и одржување на јавниот простор за паркирање.

**Член 3**

Врз основа на Законот за јавните патишта (Сл.весник на РМ бр.84/08...163/16), општина Неготино потребно е да донесе одлука за јавните паркиралишта од значење за општина Неготино, одлука за отстранување и чување на непрописно паркираните возила, одлука за тарифа на цени по зони за организирање на зонско паркирање како и одлука за тарифа на цени за отстранување и чување на непрописно паркирани возила. Цените утврдени со овие одлуки ќе бидат почетни цени за отпочнување на вршење на дејноста.

**Член 4**

Воведувањето на зонското паркирање на јавните површини (паркинзи од отворен тип) во Неготино, тргнува од наодите од стручните служби при општина Неготино, а во врска со состојбата на сообраќајот во мирување во градското подрачје во Неготино.

Паркинг местата кои ќе се користат за паркирање и кои ќе се утврдат со одлука на Советот на општината, потребно е да бидат во согласност со одобрениот Основен сообраќаен проект изготвен од проектантската куќа ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје, тех.бр.45/16-С од Септември 2016 година и Извештајот за извршена ревизија од ПЕОЛЕО ДООЕЛ Скопје, тех.бр.745/16-С од 2016 година, одобрен од СВР Велес под бр.30.5-3888/2 од 10.01.2016 година.

**Член 5**

Физибилити студијата за давање на услуги на паркирање во општина Неготино, да опфати економско-финансиска анализа, како и да ги црпи искуствата од слично уредување на сообраќајот во мирување на територијата на други општини, како и да се изврши консултација со стручни служби од општина Неготино.

Врз основа на изготвената физибилити студија треба да се определи ефективноста на проектот и ризиците поврзани со неговата имплементација. Студијата треба да го направи економско финансискиот резултат што е можно повидлив и да го помогне процесот на носење на одлуки за ефикасно извршување на јавниот интерес и да го помогне процесот на носење на одлуки за ефикасно извршување на јавниот интерес и да овозможи транспарентен процес на водење и следење на потфатот.

Документот да опфаќа и анализа на ризиците од опфатот, економско финансиска анализа и анализа на компараторот за јавниот сектор со оценка на финансиската вредност.

**Член 6**

Одлука за избор на најповолен понудувач за изработка на Физибилити студија за давање на услуги на паркирање во општина Неготино, да се донесе по спроведен Јавен повик.

Бр.08-103/21
26.02.2018 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

## З А К Л У Ч О К
## За објавување на Одлуката за постапката и критериумите за доделување на средства од Буџетот на општина Неготино

Се објавува Одлуката за постапката и критериумите за доделување на средства од Буџетот на општина Неготино, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 26.02.2018 година.

Бр.09-119/10
27.02.2018 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („Службен гласник на Општина Неготино“ бр. 3/06, бр.2/11, бр.9/11, бр.16/12 и бр.16/14), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 26.02.2018 година донесе

**О Д Л У К А**
**за постапката и критериумите за доделување средства од Буџетот на општина Неготино**

**Член 1**

Со оваа одлука се пропишува постапката и критериумите за доделување средства од Буџетот на општина Неготино на жители на Општината кои се нашле во состојба од потреба за користење средства во вид на еднократна парична помош.

**Член 2**

Средства што се доделуваат врз основа на оваа одлука се исплатуваат од Буџетот на Општина Неготино – Програма А0 –Совет на општина Неготино.

**Член 3**

Општина Неготино доделува еднократна парична помош за:

- Ублажување на штета од елементарна непогода – пожар, поплава и сл.
- Лекување.
- Социјално загрозени семејства,
- Деца без родители и родителска грижа

- За подршка на поединци во областа на спортот
- За подршка на поединци во областа на културата и образованието.

**Член 4**

Паричната помош се доделува врз основа на претходно доставено барање поткрепено со соодветна документација.Комисијата за јавни дејности ги разгледува барањата од граѓаните и предлага одобрување на финансиски средства од страна на Советот на општината.

- За ублажување на штета од елементарна непогода – пожар, поплава и сл. покрај барањето потребно е да се достави записник од надлежен орган за настанатата штета–ТППЕ Неготино и Полициска станица Неготино.

Висината на еднократна парична помош за ублажување на штета од елементарна непогода изнесува најмногу 50.000,оо денари.

- За помош при лекување заедно со барањето се доставува уредна документација од здравствена установа

Висината на еднократна парична помош за лекување во земјата изнесува најмногу 30.000,оо денари, а за лекување во странство 60.000,00 денари.

Висината на еднократна парична помош на социјално загрозени семејства изнесува најмногу 5.000,оо денари

- За доделување еднократна помош на деца без родители и родителска грижа заедно со барањето се доставува и мислење од Центарот за социјална работа Неготино или установата во која се згрижени.
  Висината на еднократна парична помош на деца без родители и родителска грижа изнесува најмногу 30.000,оо денари

- За доделување еднократна помош за подршка на поединци во областа на спортот, заедно со барањето се доставува и соодветна документација за учество на меѓународен или домашен спортски настан или натпревар со финансиска конструкција на потребните средства.
  Висината на еднократна парична помош за подршка на поединци во областа на спортот изнесува најмногу 30.000,оо денари и истата може да се добие само еднаш во текот на календарската година.

- За доделување еднократна помош за подршка на поединци во областа на културата и образованието, заедно со барањето се доставува и соодветна документација за намената на средствата односно доказ дека има потреба од истите во писмена форма (пр. одржување на игри, културни настани, литературни читања, изложби и др.).
  Висината на еднократна парична помош за подршка на поединци во областа на културата и образованието изнесува најмногу 30.000,оо денари и истата може да се добие само еднаш во текот на календарската година.

**Член 5**

Ова одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Сл.гласник на општина Неготино“.

Бр.08-103/24
26.02.2018 година

**Совет на општина Неготино**
**П р е т с е д а т е л,**
**Диме Витанов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

## З А К Л У Ч О К

**За објавување на Методологијата за утврдување на критериумите за распределба на финансиски средства за спортските клубови и други правни лица во областа на спортот од Општина Неготино**

Се објавува Методологијата за утврдување на критериумите за распределба на финансиски средства за спортските клубови и други правни лица во областа на спортот од Општина Неготино, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 26.02.2018 година.

Бр.09-119/11
27.02.2018 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 25, точка 6 од Статутот на општина Неготино („Службен Гласник на општина Неготино“ бр.3/06, бр.2/11, бр.9/11, бр.16/12 и бр.16/14)), Советот на општина Неготино, на Седницата одржана на 26.02. 2018 година, донесе

# М Е Т О Д О Л О Г И Ј А

**за утврдување на критериумите за распределба на финансиски средства за спортските клубови и други правни лица во областа на спортот од Општина Неготино**

Со оваа Методологија се утврдуваат критериумите, начинот и постапката за распределба на средствата од Буџетот на Општина Неготино до спортските клубови и други правни лица во областа на спортот од Општина Неготино.

## I. ПРИМАТЕЛИ НА СРЕДСТВАТА

Буџетските средства се распределуваат на спортските клубови кои се делат на 3 (три) групи и тоа:

1. Фудбал,
2. Кошарка, одбојка и ракомет
3. Останати спортови (боречки спортови, риболовни и ловечки друштва, планинарство, алпинизам, тенис, карате и др.)

Средствата планирани од Буџетот на општината од ставката L0 – Спорт, се наменети за поддршка на спортот во Општина Неготино.

## II. ЈАВЕН ПОВИК

Распределба на средства до спортските здруженија и други правни лица во областа на спортот од Општина Неготино се врши врз основа на јавен повик (во натамошниот текст: повик), објавен од страна на Градоначалникот, преку Одделението за јавни дејности за доделување на средства до спортските клубови/здруженија и други правни лица во областа на спортот од Општина Неготино, на веб страницата на општината и во средствата за јавно информирање. Јавниот повик се објавува на крајот на годината (средства наменети за наредната календарска година) или на почетокот на календарската година (јануари до март).

Јавниот повик содржи:
Комплетна документација од извршена регистрација на клубот/здружението;
Годишна програма за работа
Извештај за потрошените средства добиени од Општина Неготино за претходната година (доколку клубот/здружението добиле средства претходната година);

Формулар за аплицирање (кој може да се подигне од Општина Неготино или од веб порталот на општината)

Рок за поднесување на пријавите кој не може да биде помал од 8 дена од денот на објавување на огласот

Пријавите со непотполна документација или по истекот на определниот рок нема да се разгледуваат. Доставените прилози не се враќаат.

## III. ПОСТАПКА ПРИ ОДЛУЧУВАЊЕ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА

### III.1. КОМИСИЈА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА

Оценка и избор на клубови/здруженија на кои се доделуваат буџетски средства се врши од страна на Комисијата за јавни дејности при Советот на Општина Неготино (во понатамошниот текст Комисија). Во работата на комисијата учествува и претставник од општинската администрација задолжен за областа спорт.

Комисијата ги има следниве надлежности:

1. Ги разгледува годишните програми на клубовите/здруженијата;
2. Избира годишни програми кои се предложени за финансирање или кофинансирање;
3. Изготвува записник и доставува до градоначалникот предлог бодовна листа со предлог финансиска поддршка согласно усвоените бодови, за донесување на одлука и
4. Во зависност од бројот на екипи кои ќе се пријават на јавниот повик има право да префрла средства од една во друга група,
5. Го задржува правото да отфрли некоја екипа и да не ја вметне во распределбата доколку се појават некакви нелогичности.

Општината ги објавува резултатите од огласот, како и целосниот извештај за распределените средства за календарската година на својата веб страна.

### III.2. ОДЛУКА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА

Одлуката за распределба на средствата ја донесува Градоначалникот на општина Неготино врз основа на предлог од Комисијата за јавни дејности, по спроведена евалуацијата на годишните програми врз основа на утврдени критериуми. Истата ја потврдува Советот на општина Неготино.

Во рок од најмногу 8 (осум), дена по истекот на предвидениот рок за доставување на пријавите, Комисијата врши проценка и оценување на пристигнатите пријави по утврдените критериуми. Комисијата го задржува правото да не ги додели сите предвидени средства, доколку врз основа на доставените апликации, увиди дека е помал бројот на пријавените спортски клубови/здруженија од предвиденото.

### III.3. СИСТЕМ НА БОДУВАЊЕ

Комисијата, на состанок заеднички доделува бодови за секој од критериумите одделно. Конечниот резултат претставува вкупниот број на поени од сите критериуми.

